ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2010 ГОДИНА НА АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2011 02 03

Скопје, септември 2011

# Содржина


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 27 |
| **Финансиски извештаи за 2010 и 2009 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 28 |
| Биланс на состојба | 29 |
| Преглед на промени на извори на деловните средства и ревалоризациона резерва во 2010 година | 30 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 31 - 37 |
| Сметководствени политики | 37 - 39 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 40 - 49 |
| Прилози | |
| Преглед на превземени мерки по дадени препораки | |
| Забелешки на Нацрт извештај на ОДР | |
| Одговор на забелешки на Нацрт извештај на ОДР | |

ДЗР
државен завод за ревизија

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 15-121/17

Дата: 27.09.2011

ДО
АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија Скопје (во понатамошниот текст Агенцијата ) за 2010 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија за 2008 година, издадено е мислење со резерва за вистинито и објективно прикажување и усогласеност со закони и прописи.

Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека: една препорака е спроведена; спроведувањето на една препорака е во тек; една препорака е делумно спроведена; две препораки не се спроведени и една препорака е неспроведлива поради промена на законската регулатива.

Не изразуваме мислење за вистинитото и објективното прикажување на финансиските извештаи и усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2010 година.

Со извршената ревизија констатирано е дека не се воспоставени потребните контролни системи во „процесот на работење со приходи и побарувања" и „буџетскиот циклус".

*Ревизорски тим:*
1. ______
2. ______

*Овластен државен ревизор*

Надлежните органи не ги превземале потребните активности за донесување на Стратегијата за развој и одржување на државните патишта, која ќе преставува основ за изработка на петгодишната односно годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта.

Пристапено е кон склучување на договори за уредување на меѓусебните права и обврски со друштвата кои вршат регистрација на моторни возила, со што им се одобрува 3,5% провизија од наплатениот надоместок за употреба на јавни патишта, без притоа да одлучува надлежниот орган.

Воспоставена е пракса наплатата на доминантните приходи да се извршува од други правни субјекти, со која се појавува несигурност во потврдување на нивната комплетност.

Констатирани се одредени состојби во делот на извршувањето на активностите согласно годишната програма и нивното потврдување со правниот субјект на кој му се доверени активностите од областа на одржување и заштита на државните патишта, детално опишано во точка 4.4.1.

Фактурирањето за извршените работи и услуги од страна на правниот субјект на кој му се доделени активностите за одржување и заштита на државните патишта се врши по ценовник кој не ги одразува реалните состојби.

Утврдена е системска слабост односно постоење неусогласеност помеѓу Законот за јавни патишта во делот кој се однесува на начинот на наплата на патарина со билети за претплата и подзаконскиот акт Одлуката за висината и начинот на наплата на патарина.

Агенцијата е тужена страна по разни основи (долг, утврдување на право на сопственост, надомест на штета, поништување на одлука за откажување на договор за вработување, распоредување и отказ) чија вредност на тужбените барања изнесува 1.151.540 илјади денари и чиј исход ќе има влијание на износот на обврските искажани во деловните книги.

Од страна на законскиот застапник на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија добиени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и не се прифатени, поради тоа што дел од доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, намерите за идното постапување по дадените препораки и воедно не се доставени нови докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 28 до 30) заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија Скопје за 2010 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија за 2008 година, издадено е мислење со резерва за вистинито и објективно прикажување и усогласеност со закони и прописи.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија Скопје за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Наташа Валкановска, директор од 19.08.2008 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.
Поради прашањата опишани во точката 2.3. ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

### 2.1. Цел на ревизијата:

На финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

На усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме

и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Воспоставениот начин на наплата на приходите, кои во најголем дел се наплатувани од други правни субјекти и извршен пренос на средства во корист на ЕЛС за кои се констатирани поголем број на несигурности влијаеше ревизијата да не биде во состојба да изрази мислење.

Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.03.2011 до 31.05.2011 година кај Агенцијата за државни патишта на Република Македонија Скопје од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Максим Ацевски, Помошник на Главниот државен ревизор и ОДР;
- Биљана Арсовска Андонова, самостоен ревизор
- Ема Столеска, виш ревизор и ОДР;
- Владимир Николовски, ревизор за ревизија на информационите системи.

## 3. Осврт на ревизијата за 2008 година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2008 година. Во текот на месец февруари 2010 година извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај за што е изготвен преглед за статусот на препораките и истиот е доставен до раководителот на субјектот на 18.02.2010 година. Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека: една препорака е спроведена; спроведувањето на една препорака е во тек; една препорака е делумно спроведена; две препораки не се спроведени и една препорака е неспроведлива поради промена на законската регулатива. Во иднина потребно е Агенцијата да продолжи со превземање на мерки за надминување на утврдените состојби (Преглед II).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 15.06.2011 година.

На ден 25.07.2011 година со писмо број 05-223/4 примени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-121/11 од 13.07.2011 година.
Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на утврдените состојби во нацрт извештајот, односно дел од доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, намерите за идното постапување по дадените препораки и воедно не се доставени нови докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби.
Текстот на забелешките по нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

### 4.1. Интерни контроли

#### Процес на работење со приходи и побарувања

4.1.1. Финансирањето на дејностите на Агенцијата за државни патишта се врши од повеќе видови приходи меѓу кои клучни се:
- приходи од надомест за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
- приходи од надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила - патна такса;
- приходи од издадени дозволи и
- трансфери од Централниот буџет на државата (дел од акцизата од деривати од нафта).

При оценка на ситемот на интерни контроли во наведениот процес ревизијата констатира дека во најголем дел активностите поврзани со наплата на наведените приходи се пренесени на други правни субјекти со што постои ризик од нецелесно функционирање на клучните контроли за сеопфатност и комплетност на приходите по наведените основи детално опишана во точката 4.3.5. од овој извештај. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата во соработка со надлежните органи и правниот субјект вклучен во процесот на наплата на приходи од надомест за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина) да превземат активности за воведување на целосно нов автоматизиран систем на наплата на патарина и минимизирање на човечкиот фактор.

Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата во соработка со надлежните органи да превземат активности за преиспитување на член 60 од Законот за јавни патишта, да утврдат третман на наведениот надоместок како јавна давачка, за да се оневозможи наплатата да се врши во готово од наведените друштва односно надоместокот од употреба на јавни патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) што имателите на моторни возила го плаќаат при регистрација на возилото да се врши преку носителите на платен промет на соодветна уплатна сметка и да предложат измена на Законот за јавни патишта.

4.1.2. При оценка на буџетскиот циклус во делот на планирање, извршување и известување за работите/активностите определени во Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија и Програмата за одржување и заштита на државните патишта констатиравме ризици кои се однесуваат на:

- утврдување/обезбедување на потребното ниво на средствата; изменување и дополнување на програмите во рамките на одобрените средства; реални критериуми по кои ќе се извршуваат/надоместуваат спроведените активности;
- неискажување на сите превземени обврски од тековната година кои се плаќаат во наредната;
- нецелосно функционирање на контролите во делот на потврдување на извршените работи/услуги и отсуство на доставување на потребните извештаи од страна на ЕЛС[1] и ЈП[2] односно нивно навремено доставување.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Законот за буџетите и Законот за

[1] Единиците на локалната самоуправа

[2] Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" ц.о. Скопје

јавни патишта што создава можност за намалување на квалитетот на буџетскиот процес, необезбедување на потребните средства, превземање и создавање на обврски за кои во известувачкиот период не е обезбеден соодветен извор на финансирање.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да превземе активности за пропишување на процедури со кои ќе се обезбеди правилно и навремено планирање, извршување и известување за работите/активностите при реализација на буџетскиот циклус во сите негови фази.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Со одребите на член 13 став 1 од Законот за јавните патишта утврдено е дека надлежниот орган е задолжен да достави предлог Стратегија за развој и одржување на државните патишта, а Собранието на Република Македонија истата да ја донесе најкасно до 19.07.2009 година. Недонесувањето на наведената Стратегија има влијание врз утврдувањето на целите и основните задачи и одржувањето на државните патишта за најмалку 10 години и оневозможување Агенцијата да пристапи кон изработка на петтодишна програма со која се определува развојот и одржувањето на државните патишта и која би претставувала основ за изработка на годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Законот за јавни патишта и влијае врз утврдувањето на целите и задачите за развој и одржување на државните патишта. Како супституција на наведените акти за изработка на годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта Агенцијата ја користи Програмата за јавни инвестиции која е стратешки документ на Владата на Република Македонија за период од 2009 до 2011 година и Националната транспортна стратегија на Република Македонија за периодот од 2007 до 2017 година, донесена од министерот за транспорт и врски.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да ја извести Владата на Република Македонија и надлежното министерство за потребата од изготвување на наведената Стратегија и нејзино доставување до Собранието на Република Македонија.

Раководителот на субјектот да го следи целиот процес на изготвување на Стратегијата и по нејзино донесување да пристапи кон изготвување на Петгодишна програма со која се определува развојот и одржувањето на државните патишта.

4.2.2. Со ревизијата на интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места, пресметување и исплата на платите и надоместоците, ревизијата утврди состојби кои не се во согласност со законските и подзаконските прописи и тоа како што следува:

- отсуство на акт донесен од страна на надлежен орган за утврдување на вредноста на бодот како основ за пресметка и исплата на платите на вработените во Агенцијата што не е во согласност со член 4 од Правилникот за плати на Агенцијата;
- одредени звања содржани во Прилогот 1 – Прегледот на работните места со број на бодови, не се наведени како звања во ниту една група на сложеност во Правилникот за плати;
- утврден е различен број на бодови за плата а со тоа и различна плата за различни работни звања за кои се предвидени потполно исти услови за работа (ист опис и попис на работните задачи, исти квалификации во поглед на образованието и иста должина на потребното работно искуство) во актите: Описот, пописот и условите на работните места и во Прилогот 1 – Прегледот на работните места со утврден број на бодови.

Ваквите состојби не се во согласност со членовите 6 и 7 од Законот за работни односи и неговите подзаконски акти и има за ефект можност од примена на субјективен пристап при определување на висината на бројот на бодовите и распоредувањето на вработените на одредени работни места, што овозможува постоење ризик од несоодветно утврдување, пресметка и исплата на плата.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да преземе мерки со кои:

- пресметката/исплатата на плата на вработените ќе биде врз основ на донесен акт за определување на вредноста на бодот и
- ќе се изврши усогласување на интерните акти за надминување на утврдените состојби.

4.2.3. Управниот одбор на Агенцијата на ден 26.02.2007 година донел одлука за формирање на Оддел за внатрешна ревизија, кој во годината предмет на ревизија, функционира без потребниот број на внатрешни ревизори.

Назначен е внатрешен ревизор без притоа да се пополни/назначи раководител на одделот за внатрешна ревизија. Констатирано е постоење разлика помеѓу бројот на планирани и извршени ревизии на годишно ниво од страна на внатрешниот ревизор. Несоодветниот број на човечки ресурси инволвирани во внатрешната ревизија не е согласно член 31 точка 1 алинеа 3 и член 58 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, според кои субјектите од јавниот сектор кои имаат годишен буџет над износ од 2 милијарди денари (во која категорија е и Агенцијата) треба да воспостават внатрешна ревизија која ќе функционира со најмалку четири внатрешни ревизори и еден раководител. Ваквата состојба создава можност од недоволно активно, соодветно, ефикасно и објективно спроведување на процесите на управување со ризикот, контролата и управувањето и недоволна поддршка на раководителот за остварување на целите на субјектот.

Во текот на 2010 година Агенцијата до Министерството за финансии упатила три писмени барања за согласност за вработување на неопределено време на две лица за Секторот за јавна внатрешна контрола и внатрешни ревизори (од 16.02.2010, од 19.05.2010 и 17.06.2010 година) но до денот на вршење на ревизијата не е добиен одговор.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да ги продолжи активностите за обезбедување организирање, воспоставување и соодветно функционирање на внатрешната ревизија.

4.2.4. Агенцијата и друштвата за регистрација на моторните возила склучиле договори согласно кои друштвата за извршување на услугата за прибирање и наплата на средствата од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила (патна такса) ќе добиваат провизија од 3,5% плус данок на додадена вредност. Основица за пресметка на провизијата е наплатениот надомест кој имателите на моторни и приклучни возила го плаќаат при регистрација на возилата на име патна такса кај друштвата и истите ги уплатуваат во корист на Агенцијата. На ревизијата не и се презентирани соодветни и достатни докази со кои ќе се потврди основот и утврдената висина на исплатената провизија за известувачкиот период во вкупен износ од 33.100 илјади денари. Утврдената провизија од 3,5% со меѓусебните договори не е пропишана, предвидена и определена со акт од соодветен надлежен орган, ниту е регулирана во Одлуката за висината и начинот на плаќање на надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила и покрај тоа што со член 60 од Законот за јавните

патишта, Агенцијата има обврска да склучи договори со наведените друштва. Ваквата состојба има за ефект одлучување од страна на ненадлежен орган и ризик од незаконско одлевање на средства.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да изготви соодветна проценка за наведената состојба; да го утврди соодветниот процент на надоместување на трошоците на друштвата и предложи акт на органот за управување за потврдување на процентот кој би се применувал се до моментот на целосна имплементација на препораката дадена во точката 4.1.1.

**Коментар на субјектот**

Се работи за наследена состојба и истата би се променила со изменување и дополнување на одредбите од Законот за јавни патишта.

## 4.3. Финансиски извештаи

*Биланс на состојба*

4.3.1. Со извршената ревизија на начинот на извршениот попис, превземените активности по истиот и содржината на извештаите од пописните комисии ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со одредбите на законските и подзаконските прописи кои ја уредуваат оваа област односно:

Извештајот за извршениот попис на основните средства и ситен инвентар содржи податоци само за потреба од отпис на основни средства и ситен инвентар и опис на причините заради кои се предлага отписот, но не и:

- податоци за вкупната вредност на основните средства (градежни објекти и опрема) по утврдената состојба со попис и нивната вредност по сметководствената евиденција како основ за утврдување на материјалните разлики (кусок, вишок, расход/отпис) односно податоци за извршено усогласување на двете состојби;
- податоци за локацијата на која се наоѓаат материјалните средства и ситен инвентар предложени за отпис;
- податоци за извршениот попис на опрема и ситен инвентар во објектите на пат/наплатните рампи на средствата на други субјекти;
- податоци за извршено усогласување на податоците за искажаните патишта (по вид и назив) во деловните книги со податоците од катастарот на државни патишта кој Агенцијата има обврска да го

воспостави согласно член 15 став 1 точка 15 од Законот за јавни патишта.

Во Извештајот за извршениот попис на состојбата на парични средства, побарувања и обврски и материјално работење, пописната комисија не превземала активности за:

- утврдување на старосната структура на искажаните состојби на сметките: Инвестиции во тек-градежни објекти во вкупен износ од 5.537.832 илјади денари; дадени аванси искажани на сметката Аванси за капитални средства во износ од 362.447 илјади денари, на побарувањата искажани на сметката Други побарувања во износ од 27.850 илјади денари, Долгорочни кредити и заеми во износ од 8.214.840 илјади денари, на обврските искажани на сметката Обврски спрема добавувачи во земјата во износ од 227.235 илјади денари и на сметката Други обврски (по депозити) во износ од 227.236 илјади денари, како и податоци за утужените побарувања по разни основи.

Наведените состојби не се во согласност со член 21 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и со член 29, 31-б и 32 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Утврдената состојба предизвикува органите на управување да не располагаат со соодветни податоци при донесувањето на нивните одлуки, оневозможуваат потврдување на средствата, побарувањата, обврските и намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

На ревизијата и е презентиран Извештај на активностите за припрема на бази на податоци за патната мрежа на Република Македонија од 17.07.2011 година во кој се опишани целокупните активности кои се превземени од имплементаторот на проектните активности за воспоставување на наведената база на податоци.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата да пристапат кон пропишување на политики за начинот на постапување на пописните комисии и обезбедат нивна целосна имплементација.

4.3.2. Воспоставена е пракса пренесените неподмирени обврски да не се планираат во Буџетот на Агенцијата и Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија. Во деловните книги со состојба 01.01.2010 година на сметката активни временски разграничувања искажани се средства во износ од 382.308 илјади денари кои се однесуваат на пренесени обврски од претходната 2009

година (по фактури и ситуации). Утврдената состојба не е согласно одредбите од Законот за буџетите и влијае на реалното и објективното утврдување на расходите во тековната година и квалитетот на информациите содржани во самата програма и на законското извршување на буџетот на Агенцијата.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата да ја напуштат воспоставената пракса и обезбедат во процесот на буџетирање да бидат опфатени и соодветно планирани и искажани превземените неподмирени обврски од претходниот период.

4.3.3. Агенцијата во дел од сметката Градежни објекти искажала вкупен износ од 13.369 илјади денари кој се однесува на вкупната набавна вредност на објекти и тоа: Административна зграда Скопје во која е сместена Агенцијата, објект - Административна барака и камп куќички во Маврово, за кои не се обезбедени имотни листови како доказ за утврдување на сопственоста на истите. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на: Законот за катастар на недвижности, Законот за сопственост и други стварни права, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници; член 18 и 19 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници; и има за ефект неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните средства, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата да ги задолжат одговорните лица да превземат мерки за запишување на градежните објекти во надлежниот регистар.

4.3.4. За да се обезбедат/прибават доволни и соодветни податоци за усогласување на обврските искажани во билансните позиции, ревизијата постапувајќи во согласност со МСР 505 Екстерни конфирмации и реден број 154 од Правилникот за ревизорските стандарди за државната ревизија, пристапи кон екстерно конфирмирање на комитентите на Агенцијата за државни патишта. За таа намена беа испратени 13 конфирмации за усогласување на побарувањата и 18 конфирмации за усогласување на обврските. Од вкупно испратените 31 конфирмации до 21 комитент, добиени се 13 одговори, што претставува 62% од вкупно испратените, од кои 9 се

потврдени односно 69% од пристигнатите, а 4 не се потврдени односно 31%, додека 8 воопшто не одговорија што претставува 38% од испратените конфирмации. Наведената состојба оневозможува да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење на Агенцијата да пропишат политики и да обезбедат нивно имплементирање во насока на континуирано усогласување на побарувањата и обврските со правните лица со кои имаат деловна соработка (комитентите).

*Биланс на приходи и расходи*

4.3.5. Во известувачкиот период Агенцијата има остварено приходи во износ од 5.057.534 илјади денари чија структура е како што следува:

- приходи од надомест за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина) 22% ;
- надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила – патна такса 15%;
- трансфери од Централниот буџет на државата (дел од акцизата од деривати од нафта) 42% и
- задолжување во странство, издадени дозволи и друго 21%.

Со извршената ревизија на начинот на наплата на приходите од надоместок за јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина), и надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила – патна такса констатирани се одредени неправилности и тоа како што следува:

**Приходи од надомест за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина)**

- воспоставениот систем на наплата не гарантира сигурност во наплатата. Во известувачкиот период констатирана е состојба која покажува дека не е наплатена, односно одбиле да платат патарина 816 илјади возила, што преставува 3,26% од вкупниот број на возила кои платиле патарина;
- необезбедено усогласување помеѓу евидентираните возила кои поминале на наплатните станици и изброените возила од автоматските бројачи на возила;
- учеството на човечкиот фактор во наплатата на овој приход е доминантно и констатирани се појави на злоупотреби во процесот за што од страна на надлежните органи на јавното претпријатие

задолжено за негова наплата превземени се активности за санкционирање на одредени вработени;

- трендот на наплатените средства по овој основ во текот на 2010 година споредено со 2008 и 2009 година бележи намалување.




**Приходи од надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила – патна такса**

- Агенцијата не располага со потребните податоци за бројот и видот на регистрирани патнички моторни возила, мотоцикли, товарни возила, автобуси, комби буси, работни возила, и други по вид, количина и работна зафатнина на моторот што претставува основ за потврдување на комплетноста на наплатените приходи по овој основ. За обезбедување на потребните информации ревизијата се обрати до надлежното министерство и истото достави информации кои не се во форма кои би претставувале основа за потврдување на комплетноста на овие приходи;
- склучените договори со друштвата овластени за регистрација на возила не содржат одредби со кои е прецизирана динамиката и начинот на вршење на увид/контрола од страна на Агенцијата;
- поведени се неколку судски постапки (тужбени барања) против друштвата кои нередовно вршеле уплата на наплатените средства;

Агенцијата не располага со уредни и веродостојни докази за висината на наплатените акцизи од деривати од нафта што би претставувало основ за потврдување на наведените приходи, за кои во член 56 од Законот за јавни патишта е уредено дека висината на средствата по овој основ не може да бидат пониски од 20%.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите од Законот за јавните патишта, Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и предизвикува неможност од потрдување на комплетноста на приходите на Агенцијата.

За утврдената состојба е дадена препорака во делот на интерните контроли точка 4.1.1.

**Приходи од издадени дозволи**

Агенцијата согласно Законот за јавни патишта издава дозволи (поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта, поставување на инсталации во заштитниот појас, поставување заштитни огради покрај државните патишта, вонреден превоз и прекумерно користење на пат), при што во моментот на нивното издавање истите се заведуваат во деловодник. Целокупниот процес се извршува без пишани процедури за уредување на целиот процес на издавање на сите видови дозволи (од барање, издавање, искажување во деловните книги и начин на евиденција за секој вид дозвола) и не е воспоставена потребната евиденција на издадените дозволи. Утврдената состојба не е во согласност со член 41 став 2 од Законот за јавни патишта и има за ефект неможност од потврдување на комплетноста на искажаниот приходи по овој основ и намалување на квалитетот на финансиските извештаи.

На ден 06.05.2011 година донесено е Упатство за начин и постапка за примена на Законот за јавни патишта во кое е опишан начинот на издавање дозволи по доставено барање.

**Препорака:**

Раководителот на субјектот да ги задолжи лицата одговорни за водење на наведениот процес да ја воспостават потребната евиденција на издадени дозволи.

4.3.6. Во известувачкиот период на сметката капитални дотации до Единиците за локална самоуправа искажани се вкупни расходи од 300.000 илјади денари распределени на 74 општини на територијата на Република Македонија, на градот Скопје и на 10 општини во негов состав. Средствата се наменети за изградба, реконструкција, одржување

и заштита на општинските патишта и улици согласно Законот за јавни патишта и Правилникот[3]. Со увид во деловните книги и придружната документација поврзана со распределбата на средствата на ревизијата не и се презентирани достатни и соодветни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на извршената распределба на истите за секоја ЕЛС поради тоа што:

- не е презентирана пишана процедура за уредување на начинот на прибирање, достава, обработка и контрола на добиените податоци од општините кои преставуваат основ за доделувањето на средствата за оваа намена;
- не се презентирани соодветни податоци и документација со кои ќе се потврди веродостојноста, комплетноста, реалноста и објективноста на податоците за должината на асфалтираните патишта и за бројот на регистрирани возила во секоја општина. Истите Агенцијата ги обезбедува од годишните извештаи на општините за реализација на нивните годишни програми за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици на општините и градот Скопје и од извештаите на авто мото друштвата и здруженијата на возачи, но не постои соодветна контрола и верификација од соодветните надлежни институции, ниту е извршена контрола за верификација и потврда од страна на Агенцијата;
- не се врши ажурно и навремено доставување на Годишните извештаи за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици од страна на општините, односно не секогаш заклучно со 31 декември во тековната година доставуваат податоци кои се основа за распределбата на средствата до секоја општина за наредната година. Истите се доставуваат покасно во наредната година што не е согласно на член 6 од Правилникот[3];
- не е воспоставена соработка со Државниот инспекторат за транспорт при Министерството за транспорт и врски и општинските градежни инспектори заради обезбедување информации и потврда за извршен надзор и контрола согласно членовите 67, 68 и 74 до 76 од Законот за јавни патишта.

Утврдената состојба има за ефект зголемен ризик од необјективна и нереална распределба на средствата и зголемен ризик од ненаменско користење на исплатените средства.

[3] Правилник за начинот на распределба на средствата на општините односно Градот Скопје, од надоместокот за употреба на јавните патишта за моторните и приклучните возила што имателите на моторни возила го плаќаат при регистрација на возилата.

Препорака

Одговорните лица во Агенцијата за државни патишта да преземат мерки и активности за изготвување, донесување и имплементација на интерна процедура за регулирање на процесот за начинот на прибирање достава, обработка и контрола на добиените податоци за распределба на средствата до општините од средствата од наплатена патна такса, со соодветно делегирање на надлежности и одговорности по лица.

4.3.7. Фактурирањето за извршените работи/реализацијата на активностите за одржување и заштита на државните патишта кои во име и за сметка на Агенцијата ги извршува Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Македонијапат-Скопје се користи Ценовникот за услуги кој е донесен во претходен период (пред повеќе години) кој не ги одразува реалните состојби и не се превземени активности за негово усогласување. Утврдената состојба предизвикува неможност од потврдување на реалноста и објективноста на цените наведени во истиот односно дека истите се усогласени со реалните пазарни цени и се реален основ за вреднување на извршените работи искажани како расходи во Агенцијата односно приходи во Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат"- Скопје.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење во соработка со надлежните органи на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат"- Скопје да ги превземат потребни мерки и активности за утврдување и донесување на нов ценовник и обезбедат негова целосна имплементација.

**Информациони системи**

4.3.8. Со извршената ревизија на начинот на организација и функционирање на информациониот систем на Агенцијата утврдени се следниве слабости на ИТ системот:

- отсуство на пишани политики и процедури за користење на ИТ и на ИТ Стратегија за развој на Агенцијата;
- непостоење централизиран систем за пристап на корисниците;
- необезбедување/неформирање на целосна надворешна копија на податоците содржани во компјутерите и
- необезбеден соодветен човечки фактор за управување со ИТ системот.

Со извршената ревизија на начинот на користење апликациите за финансиско и материјално работење ревизијата ги констатира следните состојби: ниско ниво на заштита за најавување во апликациите; не се прави редовна копија на сите податоци искажани во деловните книги; апликациите кои се изработени користат база на податоци од постара верзија која нема доволно ниво на заштита за неовластен пристап.

Сите погоре наведени слабости на ИТ системот, не се во согласност со меѓународните стандарди и најдобри пракси за ИТ безбедност заради што постои ризик од губење на прокнижени податоци во електронска форма.

Напоменуваме дека по укажување од ревизорите во текот на ревизијата е направена надворешна копија на базите со податоците од финансиското работење од минати години (од 2002 година и понатаму).

**Препорака**

Надлежните органи на управување и раководење со Агенцијата да пристапат кон:

- обезбедување на согласност за вработување и извршат вработување на лица од областа на ИТ системите;
- донесување и примена на ИТ Стратегија за развој на ИТ системот, стандардни политики и процедури за користење на ИТ системот како и нивото на пристап до податоците кои произлегуваат од ИТ системот;
- редовно правење копија на сите податоци поврзани со сметководствените настани вклучени во финансиските извештаи.

### 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

4.4.1. Со извршената ревизија на склучените договори согласно Законот за јавни патишта и подзаконските акти од оваа област, со кои попрецизно е уредено работењето на Агенција, користењето на средствата и нивната намена утврдени се подолу наведените состојби и тоа:

- не е презентиран План за одржување на јавните патишта како дел од Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија за 2010 година кој треба да ги содржи најмалку следните информации: состојбата на патиштата на почетокот на годината, цели и стандарди кои треба да се постигнат, инвестиции и финансиски план, оправданост на проектите за периодично одржување и предвидени

услови проценети за крајот на годината со примена на инвестициона опција, што не е во согласност со член 8 и 9 од Правилникот[4];
- не е презентиран Извештај за реализација на планот за одржување на државните патишта кој треба да содржи податоци за планираните, извршените односно неизвршените мерки што не е во согласност со член 11 од Правилникот;
- не се презентирани месечни извештаи (прегледи) за реализирани активности и средства од Програмата изготвени од страна на извршителот на работите Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" – Скопје што не е во согласност со член 25 од Договорот за одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија за 2010 година;
- на 13.12.2010 година донесена е Програмата за изменување и дополнување на Програмата за одржување и заштита на државни патишта за 2010 година со која се врши измена на намената и распоредот на средствата во ставките, се намалуваат/зголемуваат поодделни позиции/ставки заради усогласување на првично планираните намени/износи со фактичката реализација на истите во текот на 2010 година (се врши намалување на износите на ставки кај кои целосно не се реализираат средствата, за кои износи се зголемуваат износите на ставките кај кои се надминати првично планираните износи и намени), односно не се врши навремено изменување и дополнување на Програмата;
- на годишно ниво (2010 година) утврдена е неусогласеност за износ од 4.314 илјади денари помеѓу искажаните вкупни расходи во деловните книги на Агенцијата по основ на реализација на Програмата за одржување и заштита на државните патишта за 2010 година (по ситуации од ЈП) кои за наведениот износ се помали од износите на реализацијата на Програмата искажана во интерната евиденција/месечен преглед на примени ситуации;
- не се презентирани записници за усогласување на меѓусебните побарувања и обврски на Агенцијата со Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" – Скопје како основ за потврдување дека сите доставени ситуации за реализација на Програмата и Договорот за одржување и заштита на државните патишта за 2010 година се

[4] Правилник за мерките за одржување на јавните патишта, начинот и роковите за нивно извршување, како и видот и начинот на извршување на активностите за редовно, зимско, периодично и интервентно одржување на јавните патишта.

примени/одобрени и соодветно искажани во деловните книги на Агенцијата.

Утврдените состојби влијаат на зголемување на ризиците во процесите на планирање извршување и известување за извршените активности во име и за сметка на Агенцијата и на законското и наменското користење на средствата.

Во текот на месец април 2011 година донесен е акт под наслов „Финансиска динамика за реализација на Програмата за одржување на магистрални и регионални патишта за 2011 година-Распределба на средства по подружници".

**Препорака**

Надлежните органи на управување и раководење со Агенцијата да превземат мерки и активности за:

- обезбедување/изготвување на квалитетни и навремени извештаи за извршување на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија за 2010 година и Планот за одржување на јавните патишта;
- усогласување на интерните евиденции во Агенцијата;
- континуирано усогласување на мегусебните побарувања и обврски со Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" – Скопје;
- задолжување на лицата одговорни за следење на реализација на програмата тековно да известуваат за истите и предлагаат измени и дополнување на наведената Програма пред надлежните органи во текот на известувачкиот период односно да се напушти праксата на изменување и дополнување на Програмата на крајот на известувачкиот период.

4.4.2. Со извршената ревизија на спроведените постапки за доделување на договор за јавни набавки ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тоа: од 01.01.2010 година не се користи електронска аукција во најмалку од 30% од проценетата вредност на планираните постапки за доделување на договори за јавни набавки и во одлуките за јавна набавка за доделување на повеќе годишни договори не се содржани конкретни износи на средства по години. Утврдената состојба влијае на можноста од намалување на степенот на конкуретност и правилно планирање на изворот на финансирање.

Препорака

Раководителот на субјектот да ги превземеме потребните мерки за едукација на лицата инволвирани во процесот на доделувањето на договорите за јавни набавки и обезбеди имплементација на законските обврски во делот на користењето на електронските аукции.

### Вкупни ефекти од наодите

Вкупен ефект пред се од изнесените наоди во точките 4.3.3.; 4.3.5. и 4.3.6. е несигурност во потврдувањето на: материјалните средства-градежните објекти во износ од 13.369 илјади денари; вкупните/комплетноста на приходите и реалноста и објективноста на извршената распределбата на капиталните дотации до Единиците на локалната самоуправа. Наведениот ефект преставуваше една од причините за неизразување на мислење.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.3.1.; 4.3.3.; 4.3.5. и 4.3.7. ние не изразуваме мислење за Финансиските извештаи на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија на ден 31 декември 2010 година.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Поради прашањата изнесени во точките 4.2.1.; 4.2.4.; 4.3.5. и 4.3.6, погоре, ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија, се во согласност со релеватната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Со увид во делот на Законот за јавни патишта кој се однесува на начинот на наплата на патарина и подзаконскиот акт Одлуката за висината и начинот на наплата на патарина донесена од страна на Владата на Република Македонија на ден 14.07.2009 година (која се применува од 01.01.2010 година) констатирано е постоење на неусогласеност помеѓу истите бидејќи законот предвидува наплата на патарина со билети за претплата додека во член 6 од одлуката овој начин на наплата не е предвиден односно е наведено „Наплатата на патарина се врши на наплатните станици преку „отворен

систем" за наплата на патарина. Начинот на плаќањето на патарината може да биде: готовински и со банкарски картици (дебитни и кредитни) и електронски со безконтактни смарт картици (припејд и постпејд) и со уред за електронска наплата на патарина". Ваквата состојба има за ефект отсуство на усогласеност на законскиот и подзаконскиот акт во делот на наплата на патарина со билети за претплата а набавката, продажбата/користењето на истите од страна на Агенцијата да не е усогласено и целосно оправдано и покриена со истите.

Надлежните органи во соработка со основачот да пристапат кон превземање на активности во насока на усогласување на Законот за јавни патишта и Одлуката за висината и начинот на наплата на патарина во делот на наплата на патарина со билети за претплата.

6.2. Во новиот Закон за јавни патишта ("Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08) кој е во сила од ден 19.07.2008 година во член 9 е наведено „Мерила за категоризација на јавните патишта, нивните ознаки и методологијата за утврдување на вредноста на јавните патишта и амортизацијата за истите донесува Владата на Република Македонија", при што со првата измена на законот од 29.04.2009 година ("Службен весник на РМ" бр. 52/09) се брише членот 9 односно истиот се менува и гласи: „Критериумите за категоризација на јавните патишта и нивните ознаки ги утврдува Владата на Република Македонија„. Напоменуваме дека со бришењето на одредбата „методологијата за утврдување на вредноста на јавните патишта и амортизацијата за истите донесува Владата на Република Македонија" се оневозможува вреднувањето на јавните патишта по нивната изградба од страна на Агенцијата или од страна на инвеститор кој добил согласност за нивна изградба од Агенцијата определено со последните измени на Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 53/11) член 15 став 2 да е врз основа на утврдени критериуми за распоредување на сите трошоци и нивно соодветно капитализарање. Отсуството на методологијата за утврдување на вредноста на јавните патишта и амортизацијата донесена од Владата на Република Македонија оневозможува вредноста на секој јавен пат да биде реално и објективно определена по износ на набавната/сегашната вредност на јавните патишта, односно износот на државниот капитал инвестиран во јавните патишта да е соодветно вреднуван. Напоменуваме дека во идните активности превземени од Агенцијата односно Владата на Република Македонија по ова прашање да се имаат предвид одредбите од Законот за проценка.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

7.1. Во насока на отпочнување на активности за менување, односно унапредување на постоечкиот систем на наплата на патарината Агенцијата на ден 26.12.2008 година до Владата на Република Македонија доставила Информација за модернизација на системот за наплата на патарина на коридор 10 во Република Македонија која Владата на седницата одржана на 20.01.2009 година ја усвоила и ја задолжила Агенцијата во рок од 10 дена да објави тендер (претквалифакиција) за систем за наплата на патарина, со управување од страна на приватен оператор.

Со цел унапредување и развој на патната инфраструктура Владата на Република Македонија на ден 06.11.2009 година донела две одлуки за давање концесија за изградба, реконструкција, одржување, наплата на патарина и користење на дел од државните патишта во Република Македонија на патните правци на Коридор 8 наведени и определени во Пакет 1 и Пакет 2. На истиот ден донела и две одлуки за започнување постапка за доделување на концесија за вршење на работите на изградба, реконструкција, одржување, наплата на патарина и користење на дел од државните патишта во Република Македонија (за Пакет 1 и за Пакат 2) со кои Министерот за транспорт и врски треба да формира Комисија за постапка за доделување концесија за вршење на работите на изградба, реконструкција, одржување, наплата на патарина и користење на дел од државните патишта (Пакет 1 и Пакет 2). Во претходниот период се донесени повеќе одлуки за да на ден 12.04.2011 е донесена одлука за Изменување на одлуката за започнување постапка за доделување на концесија за вршење на работите на изградба, реконструкција, одржување, наплата на патарина и користење на дел од државните патишта во Република Македонија (за Пакет 1) со која се продолжуваат роковите за спроведување на постапката која до денот на вршење на ревизија е во тек.

Во текот на 2011 година, Агенцијата ја отпочнала постапката за добивање на кредит од Европска банка за реконструкција и развој (ЕБРД) за кредитирање на проектот за Коридор 10. Проектот е за обезбедување на консултанти/техничка помош за изработка на техничка документација за доизградба на делот од коридор 10 на делницата од Демир Капија – Смоквица, адаптација на постоечките пет наплатни станици на Коридорот 10 (Романовце, Петровец, Сопот, Отовица и Градско) по процедури на ЕБРД и организација на работата на наплатните станици за период од шест месеци со подршка на консултантите и набавка на нов систем на наплата.

7.2. На ден 19.03.2010 година до Агенцијата е доставено писмо Известување од Јавното претпријатие „Македонијапат" Скопје (во понатамошниот текст „Македонијапат") со кое истата се информира дека дополнително ќе биде задолжена за пресметаниот данок на додадена вредност од 2005 година во износ од 32.607 илјади денари и камата за пристигнатиот а не платениот даночен долг до 31.10.2009 година од 22.173 илјади денари, односно вкупен износ од 54.781 илјади денари. Даночниот долг е обврска на „Македонијапат" по Решение број 20-21/00017 од 14.09.2009 година и каматата по опомена за неплатена камата бр.20-3311/1 издадени од Министерството за финансии на Република Македонија - Управата за јавни приходи-Дирекција за големи даночни обврзници за непресметаниот данок на додадена вредност (по стапка од 18%) за период од 01.01. до 31.12.2005 година со рок на плаќање до 29.09.2009 година кој не е пресметан/искажан во ситуациите за извршените услуги - наплата на патарина кои во име и за сметка на Агенцијата (по склучен договор) ја извршува „Македонијапат". Презентирано е книжно задолжение со кое Агенцијата се задолжува за вкупен износ од 54.781 илјади денари за погоре наведените основи но истото не е потпишано од двете страни (Агенцијата и „Македонијапат") и не е архивирано односно Агенцијата не се произнела за прифаќање на наведената обврска. На ден 19.03.2010 година во Управен суд на Република Македонија примена е тужба поднесена од страна на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат"-Скопје со која е тужено Министерството за финансии на Република Македонија - Управата за јавни приходи-Дирекција за големи даночни обврзници по основ на Решението број 20-21/00017 од 14.09.2009 година издадено од тужениот (Управата за јавни приходи-Дирекција за големи даночни обврзници) и Решение по жалба У.бр.16-2136/1 од 16.02.2010 година која постапка е во тек.

7.3. Агенцијата искажува обврски во износ од 357.798 илјади денари по ситуации за отпочнати градби на локални патишта на територијата на Република Македонија. Изворот на финансирање на наведените активности е од заемот кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по договор за заем по проектот за подобрување на постојанта регионална и локална патна мрежа во вкупен износ од 70.000.000 евра за што Собранието на Република Македонија на ден 07 јули 2008 година донесува закон за задолжување. Врз основа на одредбите на наведениот закон склучен е договор на ден 21.07.2008 година помеѓу Република Македонија и Меѓународна банка за обнова и развој. Заемот е наменет за реконструкција и рехабилитација на регионални патишта за кои е предвиден износ од 36.000.000 евра и 34.000.000 евра за локалните патишта. Корисник на средствата е Фондот за магистрални и регионални патишта а сервисирањето

ќе се врши од Буџетот на Република Македонија. Агенцијата со состојба 31.12.2010 година повлекла вкупен износ од 32.808.060 евра за двете намени (16.761.267 евра во 2009 и 16.047.793 евра во 2010 година) односно само за реконструкција и рехабилитација на локалните патишта повлечен е вкупен износ од 5.845.962 евра (481.495 евра во 2009 и 5.364.467 евра во 2010 година). За реализација на активностите во Проектот за рехабилитација и реконструкција на локалната патна мрежа помеѓу Агенцијата и ЕЛС склучени се 52 Протоколи за соработка. Протоколите не содржат податоци за износот на средства доделени на општината[1] и не е воспоставена обврска на ЕЛС да вршат сервисирање на обврските за наведениот заем. Неоспорувајќи ги придобивките и заложбите за развој на локалната патна мрежа и регионалниот развој во Република Македонија на ревизијата не и се презентирани соодветни и достатни ревизорски докази дека финансирањето на локалната патна мрежа по пат на задолжување кое ќе се сервисира од Буџетот на Република Македонија и инволвирање на агенцијата во целокупниот процес на имплементација на активностите е во рамките на член 15 став 1 и став 4 од Законот за јавни патишта. Согласно одредбите на член 14 став 8 е уредено дека „Работите на изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините, односно градот Скопје". Во услови на јасно законско разграничување на надлежностите помеѓу Агенцијата и општините утврдената состојба предизвикува одлевање на средства од централно на локално ниво.

Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата во соработка со надлежното министерство и Владата на Република Македонија во иднина да превземат мерки за преиспитување на начинот на задолжување, утврдување на нивната намена и уредување на начинот на сервисирање на обврските од крајните корисници на средствата.

7.4. Во тек се судски постапки во кои Агенцијата е тужена страна (по разни основи-долг, утврдување на право на сопственост, надомест на штета, по жалби за надомест за експропријација, поништување на одлука за откажување на договор за вработување, распоредување и отказ) чија вредност на тужбените барања изнесува 1.151.540 илјади денари и чиј исход ќе има влијание на износот на обврските искажани во деловните книги во идни периоди.

[1] Истото се врши со доставување на дополнителни табеларни прегледи до ЕЛС за одобрените средства.

7.5. Агенцијата на 16.09.2009 година склучула Договор за професионални консултантски услуги за ангажман на техничка помош со цел да ги имплементира новите одредби од Законот за јавните патишта во пракса (подршка на Агенцијата во структуирањето на својата организација овозможувајќи и да ги апсорбира и управува одговорностите претходно превземени од страна на Јавното претпријатие. Посебните цели на овие активности се: да се обезбеди институционално зајакнување на патниот сектор; воведување на интернационални стандарди во транспортниот сектор во Македонија и помош на Агенцијата во имплементација на договор за одржување.

Скопје, 20.09.2011 година

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 1.827.448 | 1.744.846 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 61.675 | 59.765 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 2.141.884 | 2.083.677 |
| Задолжување во странство | 3.4. | 996.527 | 1.475.217 |
| **Вкупно приходи** | | 5.027.534 | 5.363.505 |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.5. | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 24.486 | 24.625 |
| Стоки и услуги | 3.5.2. | 242.798 | 990.927 |
| Каматни плаќања | 3.5.3. | 249.075 | 322.248 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 20.011 | 16.872 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 536.370 | 1.354.672 |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 3.739.887 | 3.269.318 |
| **Отплата на главница** | 3.7. | 736.416 | 732.631 |
| **Вкупно расходи** | | 5.012.673 | 5.356.621 |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | 14.861 | 6.884 |

**Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000" денари, за истите постои можност на отстапување.*

*Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи*

Агенција за државни патишта

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образлож ение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 14.861 | 6.884 |
| Побарувања | 4.1.2. | 27.850 | 28.499 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 1.065.771 | 1.216.218 |
| Аванси за капитални средства | 4.1.4. | 362.447 | 654.846 |
| Залихи | 4.1.5. | 690 | 415 |
| **Вкупно тековни средства** | | 1.471.619 | 1.906.862 |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | 4.2. | | |
| Капитални (материјални) средства | 4.2.1. | 35.069.992 | 28.233.381 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 6.074.049 | 8.397.089 |
| **Вкупно капитални средства** | | 41.144.041 | 36.630.470 |
| **Средства на резервата, солидарноста и за други намени** | 4.3. | 71.542 | 47.800 |
| **Други долгорочни кредити и заеми и дефицит на буџетот** | 4.4. | 8.214.840 | 7.978.424 |
| **Вкупна актива** | | 50.902.042 | 46.563.556 |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | 4.5. | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.5.1. | 227.235 | 380.908 |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.5.2. | 227.236 | 131.948 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 4.5.3. | 735.820 | 731.492 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.5.4. | 2.218 | 1.999 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 4.5.5. | 100.418 | 100.419 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.5.6. | 5.805.820 | 8.659.494 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | 7.098.747 | 10.006.260 |
| **Обврски по долгорочни кредити и заеми** | 4.6. | 8.214.840 | 7.978.424 |
| **Извори на капитални средства** | 4.7. | 35.516.913 | 28.531.073 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | 35.516.913 | 28.531.073 |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | 4.8. | 71.542 | 47.799 |
| **Вкупна пасива** | | 50.902.042 | 46.563.556 |

**Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000" денари, за истите постои можност на отстапување.*

*Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи*

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА ВО 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Ред. Бр. | О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (зал. на мат., рез. делови, сит. инв. и хартии од вредн.) | Ревалоризациона резерва | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 (2+3) |
| I | **Состојба на ден 01 јануари 2010** | **28.530.659** | **414** | | **28.531.073** |
| | **Зголемувања:** | **8.193.017** | **907** | **0** | **8.193.924** |
| | Набавка на постојани средства | 5.352.001 | 907 | | 5.352.908 |
| | Ревалоризација на мат. и нем. средства | 2.841.016 | 0 | 0 | 2.841.016 |
| | | 36.723.676 | 1.321 | | 36.724.997 |
| | **Намалувања:** | **1.207.453** | **631** | | **1.208.084** |
| | Амортизација на постојани средства | 1.206.913 | | | 1.206.913 |
| | излез од магацин | | 631 | | 631 |
| | расход по попис | 540 | | | 540 |
| II | **Состојба на ден 31. декември 2010** | 35.516.223 | 690 | 0 | 35.516.913 |

**Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000" денари, за истите постои можност на отстапување.*

*Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи*

# 1.ВОВЕД

## 1.1. Статус

Агенцијата за државни патишта (во понатамошниот текст Агенција) е основана со Законот за јавни патишта (Службен Весник на РМ бр.84/2008), заради вршење на работите кои се однесуваат на управувањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на државните патишта и е регистрирана во Централниот регистар на РМ со Решение од 25.08.2008 година, заведено со деловоден број 30120080061972. Агенцијата има својство на правно лице и самостојно ја врши својата работа.
Матичен број на Агенцијата е 4089600.
Седиштето на Агенцијата за државни патишта е на улица Даме Груев број 14, Скопје.
Агенцијата за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија за што доставува на усвојување годишен извештај за своето работење за претходната година, најдоцна до март во тековната година.

Согласно одредбите од Законот за јавни патишта предвидено е донесување на Стратегија за развој и одржување на државните патишта (во понатамошниот текст: Стратегијата) со која се утврдуваат:
- приоритетите во изградбата и реконструкцијата на државните патишта, врз основа на физибилити студии и
- целите и основните задачи за развој и одржување на државните патишта за најмалку десет години.
Стратегијата ја донесува Собранието на Република Македонија на предлог на Владата на Република Македонија, а спроведувањето на стратегијата е во надлежност на Министерството за транспорт и врски.

За извршување на работите кои се однесуваат на управувањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштита на државните патишта, Агенцијата изготвува Петгодишна програма со која се определува развојот и одржувањето на државните патишта, која е во согласност со стратегијата што ја донесува Собранието на Република Македонија. Во отсуство на Стартегија и Петгодишна програма работењето на Агенцијата е определено во Програмата за јавни инвестиции - ПЈИ (PIP) кој е стратешки документ на Владата на Република Македонија за период од три години (2009-2011) и е изготвена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија и Националната транспортна стратегија на Република Македонија за периодот од 2007 до 2017 година, донесена од министерот за транспорт и врски.

За спроведување на целите и задачите од петгодишната програма, Агенцијата изготвува Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во која подетално се утврдени работите и изворите на средства за нејзина реализација (во понатамошниот текст: Годишна

програма). Годишната програма ја донесува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата. За 2010 година Владата на РМ, на предлог на Агенцијата, има донесено Годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во РМ (Службен весник бр.6/2010, 38/2010, 121/2010, 170/2010).

Надзор над законитоста на работењето на Агенцијата врши Министерството за транспорт и врски кое може да запре од извршување општ акт на Агенцијата, ако истиот не е во согласност со Законот за јавни патишта или со Уставот на Република Македонија, до донесување на одлука на Уставниот суд на Република Македонија.

## 1.2 Дејност

Согласно Законот за јавни патишта, Агенцијата е надлежна за:

- управување со државните патишта;
- предлагање и имплементирање на петгодишните и годишните програми кои ги донесува Владата на Република Македонија;
- постојано следење и контролирање на состојбите на државните патишта;
- превземање мерки за рационално користење на средствата наменети за државните патишта;
- вршење инвеститорски работи од областа на државните патишта;
- наплата и предлагање на висината на надоместоците за користење на јавните патишта утврдени со овој закон;
- задолжувања кај домашни и странски финансиски институции;
- организирање на изработка на студии и проекти за изградба, реконструкција, одржување, заштита и наплата на патарина со право истите да ги отстапува на физички и правни лица во согласност со Законот за јавните набавки;
- давање на вршење на работите за изградба, реконструкција и одржување на државните патишта на правни лица во согласност со Законот за јавните набавки;
- организирање на работите за заштита и наплата на патарина за државните патишта со право да ги даде на извршување на правни лица во согласност со Законот за јавните набавки;
- предлагање за давање на концесија и други видови на јавно – приватно партнерство;
- предлагање нормативи за проектирање, изградба, реконструкција, одржување и заштита на јавните патишта;
- издавање дозволи и мислења согласно со овој закон;
- организирање и извршување на финансиски и технички надзор над активностите на државните патишта;
- организирање на активности поврзани со вршење на броење на сообраќај, заштита на државните патишта, катастар на државните патишта и формирање на неопходни бази на податоци;

- применување и користење на систем за управување со одржувањето на коловозите (ПМС) и систем на управување со одржувањето на мостовите (БМС);
- донесување општи акти на Агенцијата;
- изготвување и извршување на годишна програма;
- подготвува предлог на буџетско барање за наредната фискална година до Министерството за финансии;
- организирање на информативни услуги за јавноста за состојбата на патиштата и условите за сообраќајот;
- вршење времена забрана на сообраќај на определена категорија на возила или на определен патен правец и утврдување на режимот на сообраќајот во соработка со Министерството за внатрешни работи во случај на отежнати услови на сообраќајот или при вонредни настани на државните патишта;
- активности во врска со спроведувањето на експропријација на недвижности и извршување на други работи предвидени со овој закон.

## 1.3. Финансирање и буџет

**Финансирање**

Финансирањето на Агенцијата за државни патишта – Скопје се обезбедува од надоместоци утврдени со член 55 од Законот за јавни патишта (Сл. весник на РМ бр.84/2008) и тоа:

- Трансфери од Централниот буџет (делот од акцизата од деривати од нафта);
- Надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса);
- Надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина);
- Надоместок за:
  - а) поставување натписи и рекламни табли во заштитниот појас,
  - б) приклучување на пристапен пат на јавен пат,
  - в) поставување на инсталации во трупот на патот и во патниот појас,
  - г) изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на јавен пат надвор од населено место,
  - д) прекумерно користење на пат,
  - ѓ) вонредниот превоз и
  - е) штета сторена на патот и објектите на патот;
- Средства од Буџетот на РМ и од буџетите на општините и на градот Скопје;
- Заеми и кредити и други приходи.

**Сметки на Агенцијата**

Агенцијата/Фондот своето работење го врши преку следниве сметки (редовна и со посебни намени):

- трезорската сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник број 660016000366012 – редовна сметка,
- трезорската сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник број 660016000378618 - сметка за префрлање на средства од посебната девизна сметка во денари, од Проектот финансиран од Светска банка TTFCE II, за потребите на Царинска Управа и ЈП Македонски железници-инфраструктура,
- трезорска сметка 660016000378919 – наменска сметка за исплата на решенија за експропријација на делницата Табановце-Куманово,
- трезорска сметка 660016000378622 – сметка за префрлање на средства од посебната девизна сметка во денари од заемот од EBOR за финансирање на Проектот за рехабилитација на постоечката Регионална и општинска патна мрежа во Република Македонија,
- 660016000378514 – сметка за проект финансиран со грант од EBOR за Имплементација и консултантски надзор за регионални и локални патишта,
- 660016000378529 – сметка за проект финансиран со грант од EBOR за Поддршка на Агенцијата за државни патишта во имплементација на новиот Закон за патишта,
- 300000001862339 во Комерцијална банка АД Скопје - сервисна сметка која се користи само за отплата на ануитети по кредит од Европска банка за обнова и развој.

За повлекување на средства од странски заеми за финансирање на одредени патни проекти во земјата, во Народната Банка на Република Македонија се отворени девизни сметки:

- 7210 – 978 (0) 00-701-0000394.3 – Посебна сметка за II проект за патишта од ЕИБ, затворена на 04.02.2010,
- 7210 – 978 (0) 00-701-0000870.8 – Посебна сметка за Вториот проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа (TTFCE II финансиран од Светска банка),
- 7210 – 978 (0) 00-701-0001098.2 – Посебна сметка за Проектот за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа финасиран од Светска банка и
- 7210 – 978 (0) 00-701-0001131.8 – Посебна сметка за Проектот за рехабилитација на постоечката регионална и општинска патна мрежа во РМ, финасиран со кредит од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР).

**Овластени потписници на сметките се:**

- Наташа Валкановска, Директор на Агенцијата од 19.08.2008 година и
- Ѓоко Диневски, помошник Директор од 09.12.2008 година.

### 1.4. Организациона поставеност

Во рамките на претпријатието постојат следниве организациони единици, сектори и оддели, согласно Правилникот за организација на Агенцијата за државни патишта бр.01-2247/3 од 13.10.2008 година:

1.Клучен персонал/менаџмент на претпријатието
Управниот Одбор, Директорот, Помошник директорите и Раководители на сектори.
2.Сектори:
- Сектор за правни, кадровски и општи работи,
- Сектор за одржување и заштита на патишта,
- Сектор за инвестирање,
- Сектор за економско-финансиски работи.
3. Самостојни оддели се:
- Одделение за внатрешна ревизија;
- Оддел за јавни набавки.
4. Самостојни оддели под директна надлежност на Помошник директорот одговорен за секторот за правни, кадровски и општи работи се:
- Оддел за човечки ресурси и
- Оддел за односи со јавност.

### 1.5. Управување и раководење

Делувањето на органите за управување и раководење на Агенцијата е уредено согласно Законот за јавни патишта, Статутот и други интерни акти кои го уредуваат делокругот на работењето на субјектот.

Управниот одбор на Агенцијата е составен од пет члена и тоа по еден член предложен од министерот за транспорт и врски, министерот за финансии, министерот за внатрешни работи, министерот за локална самоуправа и министерот за економија од редот на раководните државни службеници, кои ги именува и разрешува Владата на Република Македонија. Со работата на Управниот одбор раководи претседател. Членовите на Управниот одбор се именуваат за време од пет години. Членовите на Управниот одбор од своите редови избираат претседател и заменик претседател за време од пет години.

Управниот одбор на Агенцијата ги има следниве надлежности:

- донесува статут и други општи акти на Агенцијата;
- донесува план и програма за работа на Агенцијата;
- донесува акт за организација и работа и акт за систематизација на работните места во Агенцијата;
- утврдува предлог на буџетско барање до Министерството за финансии;

- утврдува предлог за техничките елементи за изградба, реконструкција и одржување на јавните патишта и на објектите на патот;
- предлага петгодишна и годишна програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта;
- на предлог на директорорт на Агенцијата донесува план и програма за имплементирање на петгодишната и годишната програма, усвоени од Владата на РМ;
- одлучува за користење на средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта согласно годишната програма;
- усвојува годишен извештај за работата на Агенцијата и завршна сметка на Агенцијата;
- одлучува за организирање финансиска надворешна ревизија најмалку еднаш годишно;
- одлучува за задолжување кај домашни и странски финансиски институции;
- усвојува предлог за давање на концесија и други видови на јавно-приватно партнерство;
- предлага нормативи на Министерството за транспорт и врски за проектирање, изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта;
- разгледува и одлучува по прашања во врска со состојбите за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта и
- одлучува и за други работи утврдени со овој закон и Статутот на Агенцијата.

Согласно Законот и Статутот, Директорот раководи со работата на Агенцијата, а го именува и разрешува Владата на Република Македонија.
Надлежности на директорот се:

- ја претставува и застапува Агенцијата;
- ја организира работата и раководи со стручните служби на Агенцијата;
- ги извршува одлуките на Управниот одбор;
- се грижи за законитоста на работењето;
- изготвува годишен извештај за работењето на Агенцијата за претходната година и истиот го доставува на усвојување од страна на Управниот одбор;
- ги организира деловните активности во Агенцијата;
- изготвува и ги предлага до Управниот одбор општите и другите акти што ги донесува Управниот одбор;
- донесува поединечни акти за вработените од областа на работните односи;
- издава согласности, одобренија и дава мислења согласно Законот за јавни патишта и Статутот;
- доставува извештај за својата работа секоја година до Владата на РМ;

- донесува поединечни акти за вработените од обаста на работните односи;
- со претходна согласност од страна на Управниот одбор склучува Колективен договор со вработените на ниво на Агенцијата;
- донесува Одлука за избор и именување на вработени за извршување на работни задачи на работни места со посебни овластувања и одговорности.

Надзор над законитоста на работењето на Агенцијата врши Министерството за транспорт и врски. За својата работа Директорот на Агенцијата одговара пред Владата на РМ.

## 2.ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

**Признавање на приходи и расходи**

2.1. Признавањето на приходите и другите приливи, во Агенцијата за државни патишта – Скопје, во Билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување (готовинска основа) во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 Декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост.

2.2. Проценети приходи во Билансот на приходи и расходи се приходите остварени по видови и извори согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на приходите, неданочни приходи остварени од сопствени приходи и приходи остварени од буџетот на Република Македонија.

2.3. Во приходи не влегуваат: добиените материјални и нематеријалми средства на подарок или по друга основа остапени без надомест, вишоци утврдени по попис или на друг начин остварени средства во материјален облик искажани во изворите како деловни средства.

2.4. Приходите кои не се наплатени до денот на нивната пристигнатост за наплата се искажуваат како пасивни временски разграничувања.

2.5. Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

2.6. Проценети расходи во Билансот на приходи и расходи се извршените расходи согласно Законот за буџетите и Правилникот за класификација на расходите.

2.7. Расходите ако не се извршени до денот на нивната пристигнатост за плаќање се искажуваат како активни временски разграничувања.

2.8. Во расходи не влегуваат: подароците или на друг начин преостапени материјални и нематеријални средства, отпишани или оштетени средства, кусоците на средства, отпишаните побарувања и другите вонредни расходи кои се искажуваат на товар или во полза на капиталните средства.

**Утврдување на состојбата на билансните позиции**

2.9. Долгорочните и краткорочните средства се искажуваат по набавна вредност утврдена врз основа на куповната цена, зголемена со издатоците кои директно можат да се додадат на расходите за набавка.

2.10. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во номинален износ, а во странска валута по курсот на НБРМ на денот на билансирањето.

2.11. Побарувањата и обврските се признаваат според договорените износи, искажани во сметководствени документи (фактури, ситуации).

2.12. Долгорочните средства чија поединечна вредност во момемтот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска проитвредност се класифицира како расход и се отпишува еднократно во целина при набавката.

**Амортизација и ревалоризација**

2.13. Отписот на вредноста на долгорочните средства се спроведува со праволиниска метода на отпис, со примена на пропишаните годишни стапки.

2.14. Основицата за отпис (пресметување на амортизација) се коригира за последователните издатоци со кои се подобрува состојбата на средството над неговиот корисен век на употреба, односно за вложувањата поради реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот, функционалната поврзаност и слично.

2.15. Нематеријалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства се спремни за употреба.

2.16. Материјалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење на дејноста.

2.17. Ситниот инвентар се отпишува еднократно во целина при набавката.

2.18. Основица за отпишување на долгорочните средства примени без надомест претставува проценетата набавна вредност.

2.19. Обврската за отпишување не се однесува на следниве долгорочни средства:

- земјиштата и шумите;
- градежните објекти и предметите - споменици на културата, историски споменици, дела на ликовната, вајарската, филмската и друга уметност (освен ако истите не се користат за дејност од која се остваруваат приходи) и книгите во библиотеките;
- патишта од локално значење со земјена или макадамска подлога ;
- градежните објекти (освен становите и станбените згради) и опремата на Армијата на Република Македонија, како и градежните објекти (освен становите и станбените згради) и опремата кои врз основа на посебни прописи претставува резерва за потребите за одбраната и безбедноста на Републиката, односно за извршување на функцијата на јавната и државната безбедност;
- долниот строј кај железничките и другите пруги кај патиштата, аеродромите, улиците, плоштадите, парковите и другите изградени јавни површини;
- долгорочните средства до нивното ставање во употреба;
- долгорочните средства кои трајно се надвор од употреба и
- другите долгорочни средства, чијашто употреба не е временски ограничена.

2.20. За износот на пресметаната амортизација се намалуваат средствата и изворите на капитални средства.

2.21. Буџетите и буџетските корисници вршат ревалоризација на долгорочните средства (материјалните и нематеријалните средства) со индексот на пораст на цените на производителите на индустриски производи. Ревалоризацијата се врши на крајот на годината (годишна ревалоризација) и во текот на годината за вложувањата на средствата за расходуваните, продадените или на друг начин отуѓени средства со индексот на кумулативниот пораст на цените на производителите на индустриски производи на денот на отуѓување на средствата.

2.22. Ревалоризационите резерви по годишната сметка се пренесува во корист на изворите на капитални средства.

2.23. Изворите на материјални средства со кои располага и управува Агенцијата се проценуваат според утврдената вредност на набавениот:

- Државниот – јавен капитал
- Останат капитал и
- Ревалоризациона резерва.

## 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 3.1. Даночни приходи

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените средства во износ од 1.827.448 илјади денари (2009 година - 1.744.846 илјади денари), по основи на наплатени:

- приходи од патарини,
- приходи од надомест/патна такса за регистрирање на моторни и приклучни возила и
- приходи од наплатен надоместок за штета сторена на патиштата и јавните објекти.

Наплатата на приходите од патарина во име и за сметка на Агенцијата ја врши Јавното претпријатие „Македонијапат" Скопје по основ на склучени договори, а приходите од надомест/патна такса кои имателите на моторни и приклучни возила ја плаќаат при регистарција во име и за сметка на Агенцијата ги наплатуваат Овластените станици за технички преглед по основ на склучени договори.

### 3.2. Неданочни приходи

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените средства во износ од 61.675 илјади денари (2009 година – 59.765 илјади денари) и се однесуваат на приходи од уплати од АД Елем Скопје за учество во изградба на пат по склучен договор со Агенцијата, приходи за издадени дозволи (за вонреден превоз и приходи за други дозволи) и приходи од подигната тендерска документација.

### 3.3. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените средства во износ од 2.141.884 илјади денари (2009 година - 2.083.677 илјади денари) а се однесуваат на трансфери на средства од Буџетот на Република Македонија за делот од акцизата од деривати од нафта кои согласно одредбите од Законот за буџетите и член 56 од Законот за јавни патишта се приход на Агенцијата ( не пониски од 20%) и пренесен вишок на приходи од претходната година.

### 3.4. Задолжување во странство

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените средства во износ од 996.527 илјади денари (2009 година – 1.475.217 илјади денари) односно приходи по средства од кредити кои ги користи Агенцијата по склучени договори за кредит од Европска банка за обнова и развој – ЕБРД, од Европска инвестициона банка (ЕИБ I), од Европска инвестициона банка (ЕИБ II), кредит

од Светска банка (ГТФСЕ) и кредит од Светска банка за финансирање на регионални и локални патишта.

## 3.5. Тековни расходи

### 3.5.1. Плати, наемнини и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Агенцијата, согласно одредбите од Законот за буџетите, и тоа по следните основи:

- основни плати и надоместоци,
- придонеси за социјално осигурување и
- останати придонеси од плати.

во 000 денари

| Опис | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Основни плати и надоместоци | 17.847 | 17.620 |
| Придонеси за социјално осигурување | 6.639 | 7.001 |
| Останати придонеси од плати | 0 | 4 |
| Вкупно: | 24.486 | 24.625 |

### 3.5.2. Стоки и други услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот на агенцијата, согласно одредбите од Законот за буџетите, во износ од 242.798 илјада денари ( 2009 година – 990.927 илјада денари) по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои опфаќаат: хранарина (дневници), патни расходи, сместување и споредни расходи за време на службен пат во земјата и странство;
- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, кои опфаќаат: електрична енергија, вода и канализација, ѓубретарина, пошта, телефон и телефакс, горива и масла и регистрација на моторни возила;
- ситен инвентар, алат и други материјали за поправка, кои опфаќаат канцелариски материјали, списанија, весници и други изданија, материјали за АОП, униформи и обувки, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар и други материјали и резервни делови;
- поправки и тековно одржување, кои опфаќаат: поправка и сервисирање на лесни возила, услуги за одржување на објекти,

поправка и одржување на опрема и поправка и одржување на хардверска и софтверска опрема и машини;

- договорни услуги, кои опфаќаат: банкарска провизија по фактури од Комерцијална банка - Скопје, на име провизија за водење на сметката и за користење на услуги од банката, осигурување за вработените и за моторните возила со кои располага Агенцијата, надоместок за друштвата на име 3,5% месечна провизија од регистрација на моторни возила, правни услуги (исплати на адвокати за застапување), надоместок за судски вештачења при одземен експроприран имот, судски такси за предмети, здравствени услуги за вработените, услуги за копирање, печатење и издавање, надоместоци за извршени консултативни и стручни анализи, мислење и ревизии, расходи за надзор и одржување на магистрални и регионални патишта во РМ и надоместоци за членовите на Управен одбор и други договорни услуги ;
- други тековни расходи, кои опфаќаат: расходи за угостителски услуги и репрезентација, расходи за изнајмување на простор, техничка опрема и ресторантски услуги, расходи за објава на тендери во Службен весник и други весници, расходи за користени асистенции од МВР за непречено вршење на градежни работи, расходи за отплата на долгови од претходни години и расходи по набавки на разни елаборати и печатени билети за патарина и
- расходи за привремени вработувања.

во 000 денари

| Опис | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Патни и дневни расходи | 653 | 953 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 29.373 | 27.227 |
| Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка | 2.167 | 1.817 |
| Поправки и тековно одржување | 2.606 | 717.924 |
| Договорни услуги | 91.947 | 133.535 |
| Други тековни расходи | 113.922 | 109.471 |
| Привремени вработувања | 2.130 | 0 |
| Вкупно: | 242.798 | 990.927 |

## 3.5.3. Каматни плаќања

Оваа позиција е проценета во износ од 249.075 илјади денари (2009 година - 322.248 илјади денари). Во текот на 2010 година, вршени се плаќања по основ на камати за користени странски кредити од страна на Агенцијата. Плаќањето на

каматата е реализирано по основ на кредитите од Светска банка и други мултилатерални кредитори (ЕТБ и ЕБРД).

### 3.5.4. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените средства за плаќање на обврски (главен долг, судски и извршителски трошоци и камата) по извршни судски решенија во вкупен износ од 20.011 илјади денари (2009 - 16.872 илјади денари).

## 3.6. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи, за средствата кои се обезбедени од Буџетот на Агенцијата, согласно одредбите од Законот за буџетите, во вкупен износ од 3.739.887 илјади денари (во 2009 - 3.269.318 илјади денари) по следните основи:

- резерви за капитални расходи за купување на друга опрема;
- други градежни објекти, што опфаќа средства за подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта и автопати, изградба и реконструкција на улици, патишта и автопати како и расходи за извршување на работите за реконструкција на улици, патишта и автопати (одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта) наплата на патарина и друго, кои во име и за сметка на Агенцијата по склучени годишни договор ги реализира Јавното претпријатие „Македонијапат" Скопје;
- други нефинансиски средства, што опфаќа средства за надомест за одземен имот (експропријација) и
- капитални дотации до ЕЛС, што опфаќа трансфер на средства до ЕЛС за изградба и реконструкција на локалните патишта согласно Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици.

во 000 денари

| Опис | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Резерви за капитални расходи | 359 | 0 |
| Други градежни објекти | 3.391.163 | 2.719.170 |
| Купување на мебел, опрема, возила и машини | 0 | 1.898 |
| Други нефинансиски средства | 48.365 | 218.250 |
| Капитални дотации до ЕЛС | 300.000 | 330.000 |
| **Вкупно** | 3.739.887 | 3.269.318 |

## 3.7. Отплата на главнина

Оваа позиција е проценета во износ од 736.416 илјади денари (2009 година – 732.631 илјади денари), а се однесува на исплатените износи за отплата на главницата по основ на користени долгорочни кредити, а кои стасале за плаќање во известувачкиот период.

# 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## Актива

## 4.1. Тековни средства

### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција е проценета според номинален износ од 14.861 илјади денари и ги опфаќа паричните средства што се наоѓаат на сметката и во денарската благајна (2009 – 6.884 илјади денари).

во 000 денари

| Опис | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Сметка | 14.568 | 6.596 |
| Благајна | 293 | 288 |
| **Вкупно:** | **14.861** | **6.884** |

### 4.1.2. Побарувања

Оваа позиција е проценета во износ од 27.850 илјади денари (2009 година – 28.499 илјади денари) и се однесува на побарувања за издадени билети со претплата на патарина, побарувања од АД Елем Скопје за негово учество во изградба на пат по склучен договор со Агенцијата и други побарувања.

### 4.1.3. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во висина од 1.065.771 илјади денари (2009 година – 1.216.218 илјади денари) и се однесува на превземени обврски кои доспеваат за плаќање во наредната година, а се однесуваат на обврски по влезни фактури и ситуации од разни добавувачи и ситуации од „Македонијапат" и дел од обврски по долгорочни кредити кои пристигнуваат за плаќање во наредната година.

### 4.1.4. Аванси за капитални средства

Оваа позиција е проценета во висина од 362.447 илјади денари (2009 година – 654.846 илјади денари), а се однесува на дадени аванси на економските оператори

со кои се склучени договори за набавка на работи (изградба и реконструкција на патишта) и услуги (изработка на проекти и друго за патишта), а согласно договорната документација.

### 4.1.5. Залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар

Оваа позиција е проценета во висина од 690 илјади денари (2009 година – 415 илјади денари) и се однесува на евидентирани набавени канцелариски материјали и тонери за тековно административно работење.

## 4.2. Капитални средства и долгорочни пласмани

### 4.2.1. Капитални (материјални) средства и
### 4.2.2. Материјални средства во подготовка

Состојбата и промените на Капитални (материјални) средства и Материјални средства во подготовка во 2010 година се прикажани аналитички по групи во следната табела:

# ПРОМЕНИ КАЈ КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ВО 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | Градежни објекти | Опрема | Други материјални средства | Инвестиции во тек-градежни објекти | Инвестици и во тек-друго | Вкупно материјални средства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Набавна или ревалоризирана вредност** | | | | | | |
| Состојба на ден 01 Јануари 2010 | **63.557.426** | **148.113** | **35** | **8.385.380** | **11.709** | **72.102.663** |
| Набавки во текот на годината | 188.868 | 1.015 | | 2.170.496 | 519.628 | 2.880.007 |
| Ревалоризација | 5.807.960 | 13.348 | 3 | 303.596 | 4.880 | 6.129.787 |
| Пренос од средства во подготовка -активирање | 4.775.267 | | | | | **4.775.267** |
| Пренос од средства во подготовка - затварање на инвестиција | 546.373 | | | | | |
| **Вкупни зголемувања:** | **11.318.468** | **14.363** | **3** | **2.474.092** | **524.508** | **13.806.926** |
| Расходување | | 3.033 | | | | 3.033 |
| Активирање на обиколница | | | | 4.775.267 | | 4.775.267 |
| Затварање на инвестиција | | | | 546.373 | | 546.373 |
| **Вкупно намалувања** | **0** | **3.033** | **0** | **5.321.640** | **0** | **5.324.673** |
| Ревалоризација | | | | | | |
| **Состојба на ден 31. Декември 2010** | **74.875.894** | **159.443** | **38** | **5.537.832** | **536.217** | **91.234.262** |
| **Исправка на вредност** | | | | | | |
| Состојба на ден 01 Јануари 2010 | **(35.332.316)** | **(139.877)** | **0** | **0** | **0** | **(35.472.193)** |
| Амортизација за тековната година | (1.204.559) | (2.354) | | | | (1.206.913) |
| Преотстапени материјални средства | | | | | | |
| Расходи и отуѓувања | | 2.493 | | | | 2.493 |
| Отстапување без надомест | | | | | | - |
| Ревалоризација | (3.275.978) | (12.792) | | | | (3.288.770) |
| **Состојба на ден 31.Декември 2010** | **39.812.853** | **152.530** | **0** | **0** | **0** | **(39.965.383)** |
| **Неотпишана вредност на материјалните и нематеријалните средства 31.12.2010** | **35.063.041** | **6.913** | **38** | **5.537.832** | | **51.268.879** |
| **Неотпишана вредност на материјалните и нематеријалните средства 31.12.2009** | **28.225.110** | **8.236** | **35** | **8.385.380** | **11.709** | **36.630.470** |

**Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000" денари, за истите постои можност на отстапување*

*Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи*

### 4.3. Средства на резервата, солидарноста и за други намени

Оваа позиција е проценета во висина од 71.542 илјади денари (2010 година - 47.800 илјади денари) и се однесува на повлечени средства од долгорочен заем од Интернационалната банка за обнова и развој (составен дел од Светска банка) за финансирање на втор проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа (ТТФСЕ) од кој дел се стават на располагање на Царинска управа на РМ и на ЈП МЖ Инфраструктура при што Фондот за магистрални и регионални патишта (ФМРП) односно Агенцијата се назначува како координатор на проектот и префрла дел од кредитот на Јавно претпријатие Македонски железници Инфраструктура Скопје и Царинска управа на РМ врз основа на склучени договори со Агенцијата.

### 4.4. Други долгорочни кредити и заеми и дефицит на буџетот

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 8.214.840 илјади денари (2009 година - 7.978.424 илјади денари), а се однесува на долгорочни кредити кои ги користи Агенцијата од: Агенцијата на РМ за санација на банка Скопје (АСБ кредит) кои ги превземало Министерството за финансии, кредит од Европска банка за обнова и развој – ЕБРД, од Европска инвестициона банка (ЕИБ I), од Европска инвестициона банка (ЕИБ II), кредит од Светска банка (ТТФСЕ) и кредит од Светска банка за финансирање на регионални и локални патишта.

## Пасива

### 4.5. Тековни обврски

#### 4.5.1. Краткорочни обврски спрема добавувачи

Оваа позиција е проценета во износ од 227.235 илјади денари во 2010 година (2009 година – 380.908 илјади денари) и истата произлегува од неизмирени обврски кон добавувачите за примени времени ситуации и фактури по разни основи заклучно со 31.12.2010 година.

#### 4.5.2. Краткорочни обврски по резерви

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 227.236 илјади денари (2009 година – 131.948 илјади денари), а се однесува на обврски по депозити од економски оператори со кои се склучени договори за работи/изградба и рекострукција на патишта на територијата на Република Македонија согласно договорната документација.

#### 4.5.3. Краткорочни обврски спрема субјекти

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 735.820 илјади денари (2009 година – 731.492 илјади денари), а се однесува на краткорочни обврски по основ на странски долгорочни кредити кои доспеваат за плаќање во наредната 2011 година и други краткорочни обврски по основ на експропријација за патишта во изградба.

#### 4.5.4. Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените

Оваа позиција е проценета во висина од 2.218 илјади денари (2009 година – 1.999 илјади денари) и се состои од евидентираните пресметани, но неисплатени обврски за плата и придонеси од плата за вработените за месец декември.

#### 4.5.5. Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите

Оваа позиција е проценета во висина од 100.418 илјади денари (2009 година – 100.419 илјади денари), а се однесува на неизмирена обврска кон Министерството за финансии кое ги превземало обврските од Агенција за санација на банка за кредити од претходни години користени од страна на Агенцијата, а кои доспеваат за плаќање во 2011 година.

#### 4.5.6. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 5.805.820 илјади денари (2009 година – 8.659.494 илјади денари), а се однесува на дел од вишокот на приходите за пренос во наредната година и на пасивни временски разграничување односно на очекувани приходи во идните периоди по разни основи (од продадени билети со претплата за патарина, учество на АД Елем со свои средства за изградба на пат и друго).

### 4.6. Обврски по долгорочни кредити и заеми

Обврските на Агенцијата по основ на долгорочни кредити и заеми кон странски правни лица со состојба на ден 31.12.2010 година е проценета во вкупен износ од 8.214.840 илјади денари (2009 година - 7.978.424 илјади денари), а се однесува на обврски по долгорочни кредити кои од: Агенцијата на РМ за санација на банка Скопје (АСБ кредит) кои ги превземало Министерството за финансии, кредит од Европска банака за обнова и развој – ЕБРД, од Европска инвестициона банка (ЕИБ I), од Европска инвестициона банка (ЕИБ II), кредит од Светска банка (ТТФСЕ) и кредит од Светска банка за финансирање на регионални и локални патишта.

### 4.7. Извори на капитални средства

Оваа позиција е проценета во висина од 35.516.913 илјади денари (2009 година - 28.531.073 илјади денари) и ја опфаќа номиналната вредност на државниот јавен капитал и останатиот капитал со кој располага Агенцијата.

### 4.8. Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени

Оваа позиција е проценета во висина од 71.542 илјади денари (2009 година – 47.799 денари), а се однесува на повлечени средства од долгорочен заем од Интернационалната банка за обнова и развој (составен дел од Светска банка) за финансирање на втор проект за олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа (ТТФСЕ) од кој дел се ставаат на располагање на Царинска управа на РМ и на ЈП МЖ Инфраструктура при што Фондот за магистрални и регионални патишта (ФМРП), односно Агенцијата, се назначува како координатор на проектот и префрла дел од кредитот на Јавно претпријатие Македонски железници Инфраструктура Скопје и Царинска управа на РМ врз основа на склучени договори со Агенцијата.

## Резултати

**од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 1003-168/5 од 19.06.2009 година за Агенцијата за државни патишта**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **10.1** | **Систем на интерни контроли** | | | |
| **10.1.1** | При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на остварување на приходи од надомест за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина), ревизијата констатира дека Агенцијата има воспоставено интерни контроли преку ex-post увид во базата на податоци од електронскиот систем за следење на наплатата на патарина, кој го користи ЈП Македонијапат, но истите не го покриваат во целост ризикот за целосност и точност на приходите. Причина за ваквата состојба е тоа | Агенцијата во соработка надлежните органи, да го интензивира процесот на воспоставување нов, поефикасен, интегриран систем за наплата на патарината, со цел обезбедување поголема сигурност на информациите што ги добива од ЈП Македонијапат во поглед на наплатата, дневната евиденција и уплатата на патарина. | **Во тек** | Заради воспоставување нов, поефикасен, интегриран систем за наплата на патарина Владата на Република Македонија донела повеќе одлуки за давање концесија за изградба, реконструкција, одржување, наплата на патарина и користење на дел од државните патишта во Република Македонија |

| | | |
|---|---|---|
| што воспоставениот електронски систем за следење на наплатата на патарина, не дава целосно уверување за точна наплата на тарифата за надоместокот по категории возила, целосна и точна евиденција од наплатата и навремена и комплетна уплата на патарина. Именo, значителната присутност на „човечки фактор„ во постоечкиот систем за наплата на патарина, создава ризик од прикажување неточни податоци за бројот на возила кои го користеле патот, возила кои одбиле да платат патарина, кои се ослободени од плаќање патарина, како и за наплатениот надоместок по тарифа соодветна за категоријата на возилото.<br>Агенцијата има подготвено техничка документација за воведување нов интегриран систем за наплата, но имплементацијата на истиот е поврзана со идните текови во законската регулатива за процесот на трансформација на ЈП Македонијапат и определување на | | на патните правци на Коридор 8 (Пакет 1 и Пакет 2), одлуки со кои Министерот за транспорт и врски треба да формира Комисија за постапка за доделување концесија ... и на ден 12.04.2011 е донесена одлука со која се продолжуваат роковите за спроведување на постапката која до денот на вршење на ревизија е во тек. Во 2011 година, Агенцијата ја отпочнала постапката за добивање на кредит од Европска банка за реконструкција и развој (ЕБРД) за кредитирање на проектот за Коридор 10, за обезбедување на консултанти/техничка помош за изработка на техничка документација за доизградба на делот од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | правно лице кое ќе врши наплата на патарина, како и со регулирањето на давање под концесија на јавните патишта. Новиот интегриран систем за наплата на патарина, би требало да обезбеди поголема сигурност на информациите кои ќе се добиваат од правното лице кое ќе ја врши наплатата, како и поефикасна наплата на патарината. | | | коридор 10 на делницата од Демир Капија – Смоквица, адаптација на постоечките пет наплатни станици на Коридорот 10 (Романовце, Петровец, Сопот, Отовица и Градско), организација на работата на наплатните станици за период од шест месеци со подршка на консултантите и набавка на нов систем на наплата (точка 7.1 од Нацрт извештај).<br>Во делот на безготовинската наплата на патарина ревизијата утврди постоење на системска слабост заради не усогласеност на Законот за јавни патишта и Одлуката за висината и начинот на наплата на патарина ) во делот на наплата на патарина со билети за претплата (точка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | 6.1 од Нацрт извештај). |
| 10.1.2 | При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на остварување на приходи од надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила - патна такса, ревизијата констатира дека:<br>• Агенцијата нема воспоставено контроли на наплатената патна такса (готовинска и вирманска) од страна на Овластените правни лица за регистрација на моторни возила, нема обезбедена целосна и точна евиденција за наплатата и доказ за редовна контрола на работењето на истите, согласно предвидените договори.<br>Во 2009 година Агенцијата има задолжено две лица за редовен увид во процесот на остварување приходи од патна такса.<br>• Агенцијата нема обезбедено целосна информација за бројот на регистрирани возила по категории и општини во Република Македонија | Агенцијата за наплатената патна такса (готовинска и вирманска) од Овластените правни лица да обезбеди целосна и точна евиденција за уплатата на патната такса, а задолжените лица од Агенцијата, да вршат редовен увид во работењето на истите, со цел вршење контрола на навремена и комплетна уплата од нивна страна. | **Не спроведена** | Приходите од надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила – патна такса се реализираат во услови и тоа:<br>-Агенцијата не располага со потребните податоци за бројот и видот на регистрирани патнички моторни возила, мотоцикли, товарни возила, автобуси, комби буси, работни возила, и други по вид, количина и работна зафатнина на моторот како основ за потврдување на комплетноста на наплатата на овие приходи. Ревизијата се обрати до надлежното министерство и истото достави информации кои не се во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на годишно ниво, од надлежните институции.<br>Во текот на ревизијата, Агенцијата се обрати со Писмо бр.05-1378/1 до Министерство за внатрешни работи со барање за достава на податоци за бројот на регистрирани возила по категории и општини на годишно ниво, но до моментот на вршење ревизија не беше добиен повратен одговор од Министерството.<br>Агенцијата не врши контрола на вистинитоста и целосноста на податоците за наплатените средства од надомест за употреба на јавните патишта, што го плаќаат странските возила на граничните премини, со уплатените средства во Агенцијата. Согласно Законот за јавните патишта, средствата од надомест за употреба на јавните патишта, што го плаќаат странските возила е приход на Агенцијата, а наплатата ја вршат царинските служби.<br>Наведените состојби создаваат ризик за целосност и точност на приходите од патна такса. | | | форма кои би претствувале основа за потврдување на комплетноста на истите;<br>-за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу Агенцијата и правните лица овластени за вршење на технички преглед на возила, склучени се договори со кои на истите им се дозволува надомест на извршени услуги (провизија од 3,5%) без притоа за висината на истиот да одлучува органот за управување;<br>-склучените договори со друштвата овластени за регистрација на возила не содржат одредби со кои е прецизирана динамиката и начинот на вршење на увид/контрола од страна на Агенцијата (точка 4.3.5. од Нацрт извештај).<br>Да се пристапи кон |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Агенцијата во координација со Царинската управа и надлежните органи, да воспостави контролни механизми за целосноста и точноста на податоците за наплатените средства од надомест за употреба на јавните патишта, што го плаќаат странските возила. | **Не спроведливо** | примена на препораката наведена во точка 4.1.1. од Нацрт извештајот.<br><br>Препораката не може да се спроведе, бидејќи со Законот за изменување на Законот за јавни патишта (Службен весник на РМ бр.114 од 14.09.2009 година) надоместокот за употреба на јавните патишта што го плаќаат странските возила на граничните премини, се укинува. |
| 10.2. | **Неправилна примена на акти** | | | |
| 10.2.1 | Агенцијата нема обезбедено документ за сопственост (имотни/поседовни листи) на објектот во кој е сместена, како и за останатиот имот со кој располага (административна барака во Скопје, камп куќа во Маврово и 2 стана во Охрид), евидентирани во сметководствената евиденција, што | Одговорните лица во Агенцијата, да продолжат со активностите за обезбедување на документ за сопственост за објектите со кои располага Агенцијата. | **Делумно спроведена** | За дел од имотот односно само за 2 стана во Охрид се презентирани имотни листови односно за останатиот имот (објекти), не се презентирани документи за сопственост (точка 4.3.3. од Нацрт извештај). |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | не е во согласност со Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите. Поради нерегулирани имотно-правни односи, Агенцијата за евидентираните недвижности не располага со документација за доказ на сопственоста.<br>Агенцијата има поднесено Барање за добивање имотен лист број 03-389/1 од 11.02.2009 до Агенција за катастар за недвижности на РМ. Добиено е известување Уп.бр. 1114/1-121 од 24.02.2009 од Агенција за катастар на недвижности, во кое е наведено дека на предметната адреса деловната зграда е запишана во имотен лист на име РМ-Влада на РМ, со напомена дека имотниот лист не е изложен, односно по истиот не се утврдени правата на сопственост, поради што не се во можност да издадат имотен лист. | | | |
| 10.2.2 | Агенцијата, во текот на 2008 година врши исплати по фактури и времени ситуации и од 2007 година, кои не се предвидени со Буџетот и Годишната | Агенцијата, при изготвувањето на Буџетот и Програмата за тековната година, да ги | Не спроведена | Во деловните книги со состојба 01.01.2010 година на сметката активни временски разграничувања |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во РМ, во вкупен износ од 91.938 илјади денари, што не е во согласност со Законот за буџетите. Непредвидувањето на обврските од минати години, влијае на нереално и необјективно предвидување на расходите за тековната година. Според исказите на одговорните лица во Агенцијата, преземените обврски од 2008 година, ќе се предвидат со ребалансот на Буџетот за 2009 година. | предвидува превземените обврски од минати години. | | искажани се средства во износ од 382.308 илјади денари кои се однесуваат на пренесени обврски од претходната 2009 година (по фактури и ситуации) без планирање на истите во Буџетот и Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија (точка 4.3.2. од Нацрт извештај). |
| 10.3.1. | Постои неусогласување помеѓу позициите капитални средства и изворите на капитални средства во Билансот на состојба на ден 31.12.2008 година, во износ од 111.584 илјади денари спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, поради непримена на основното сметководствено начело на парично искажување во минати години, што | Агенцијата да изврши усогласување на позициите капитални средства и извори на капитални средства. | **Спроведена** | Во најголем дел е извршено усогласување на наведените позиции. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | придонесува билансните позиции искажани во финансиските извештаи да се нереални и необјективни. | | | |

Ревизорски тим:

Биљана Арсовска Андонова, самостоен ревизор

Ема Столеска, виш ревизор

**Помошник на Главниот државен ревизор**

**Максим Ацевски**

АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Број 05-223/4

22.07.2011 год.

СКОПЈЕ

25.07.2011

15 121/76

**До :** **Државен Завод за Ревизја, Скопје**

**Предмет:** **Коментари по препораките во Нацрт извештајот**

**Датум:** 22.07.2011

**Почитувани,**

По добивањето на првичниот Извештај на овластениот државен ревизор, Раководителот на субјектот и одговорните лица на стручните служби истиот детално го разгледаа. Притоа, би сакале да укажуваме на следните факти:

4.1. Интерни Контроли, точка 4.1.2, алинеа 2 и 4.3. Финансиски извештаи, точка 4.3.2 , коментарот на Агенцијата по овие точки е следниот:

Генерално, сите забелешки по наведените точки произлегуваат како последица на нецелосно обезбедување на планираните средства за годината која беше предмет на ревидирање (2010) кои АДП ги планира во Буџетскиот циркулар, но во целост не се обезбедени со Годишната програмата. Во делот кој се однесува на ризикот, при оценка на буџетскиот циклус во делот на планирање, извршување и известување за работите определени во Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија, поради неискажување на сите обврски од тековната година кои се плаќаат во наредната година и препораката за раководителот на субјектот да преземе активности за пропишување на процедури за правилно и навремено планирање и извршување на работите, Агенцијата за државни патишта укажува на:

Согласно доставениот Буџетскиот циркулар и насоките за подготовка на Предлог Буџетската пресметка за секоја наредна година од



Ул. "Даме Груев" бр.14; Тел. +389 2 3118-044; 3228-454; Факс 3220-535; 1000 Скопје; Пош.Фах. 216

страна на Министерството за финансии, Агенцијата за државни патишта, како и сите буџетски корисници од централната власт и фондовите, Предлогот на буџетското барање за наредната година, потребно е да го достават до Министерството за финансии најдоцна до 1 септември во тековната година, но укажуваме дека поради тоа што до крајот на годината, претстои поголем период за реализација на програмата за тековната година, Агенцијата не е во можност прецизно да предвиди колку обврски ќе останат нереализирани до крајот на тековната година, за да може сите да ги предвиди и превземе во наредната година.

4.2.2 Коментарот на Агенцијата за државни патишта по оваа точка од извештајот е следниот:

Во Нацрт извештај за извршена ревизија, наведено е дека во интерните акти на Агенцијата за државни патишта утврден е различен број на бодови за плата а со тоа и различна плата за различни работни звања за кои се предвидени потполно исти услови за работа. Од страна на ревизорскиот тим дадена е препорака да се изврши усогласување на интерните акти за надминување на утврдените состојби.
По добивање на Нацрт извештајот за извршена ревизија, од страна на одговорните лица во Агенцијата за државни патишта извршена е проверка на наведените акти при што не е утврдено во кој дел постојат различен број на бодови за плата, а со тоа и различна плата за различни работни звања за кои се предвидени потполно исти услови за работа. Оттука сметаме дека не постојат услови за постапување по оваа препорака.

4.3.1 Коментарот на Агенцијата за државни патишта по оваа точка од извештајот е следниот:

Извештајот за извршениот попис на основните средства и ситен инвентар не се искажани вредносно по сметководствената евиденција од причини што поголем дел од нив се со вредност нула, а оние кои имаат вредност поголема од нула, се содржани и можат да се видат од пописните листи кои им се доставени на увид на членовите на Управниот Одбор и со таа вредност истите се отпишуваат.

4.3.7. Коментарот на Агенцијата за државни патишта по оваа точка од извештајот е следниот:

Цениме дека во овој момент, промената на ценовникот за услуги кој го користи Јавното претрпијатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта , „Македонијапат" е нецеилосходна, бидејќи следи процес на воведување на конкуренција во одржувањето на магистралните и регионалните патишта, што е во согласност со Законот за јавни патишта и Законот за јавни набавки.

По добивање на Конечниот извештај од Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2010 и јавните набавки за 2009 и 2010 година, Раководителот на субјектот и надлежните органи за управување и раководење на Агенцијата за државни патишта ќе пристапат кон подготовка на концепт за постапување во насока на отстранување на забелешките и ќе се заложат да постапат по истите.

**Со почит,**

**КО:- 05/** 23 јануари
**-архива**

ДИРЕКТОР,
Наташа Валкановска

Одговор

**на забелешките по Нацрт извештај на овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник на Агенцијата за државни патишта на Република Македонија на ден 25.07.2011 година достави забелешки број 05-223/4 од 22.07.2011 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 15-121/16 по доставениот Нацрт извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година заведен под број 15-121/11.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор и по истите се произнесе како што следува:

**Нацрт извештај на овластениот државен ревизор**

1. Доставената забелешки на **точката 4.1.2 алинеа 2** кои се однесуваат на утврдени ризици при оценка на буџетскиот циклус во делот на планирање, извршување и известување за работите/активностите определени во Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија и Програмата за одржување и заштита на државните патишта односно ризик од не искажување на сите превземени обврски од тековната година кои се плаќаат во наредната и на **точката 4.3.2.**, кои се однесуваат на неподмирените обврски од претходната година да не се планираат во буџетот на Агенцијата и Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта во Република Македонија <u>**не преставува забелешка.**</u>

   Законскиот застапник ги објаснува причините за утврдената состојба и воедно укажува дека од 01 септември (до кога Агенцијата има обврската до Министерството за финансии да го достави Предлогот на буџетското барање за наредната година), до крајот на годината (до кога се реализира тековната Програмата), постои релативно долг период за реализација на Програмата, со што Агенцијата не е во можност прецизно да предвиди колку обврски ќе останат нереализирани до крајот на тековната година, за да може сите да ги предвиди и превземе во наредната година. Наведеното укажување не е спорно, но во исто време законскиот застапник не се наведува дека менаџментот и другите лица инволвирани во процесот на донесување на Програмата имаат можност

*Ревизорски тим:*
*1.* 
*2.* 

*Овластен државен ревизор*

и обврска по завршување на известувачкиот период да ги утврдат неподмирените обврски и да превземат мерки и активности за соодветно изменување/дополнување на Програмата како би се обезбедило правилно, објективно и транспаретно планирање и презентирање на неподмирените обврски од претходниот известувачки период.

Законскиот застапник во наредниот период има обврска да превземе мерки и активности за имплементирање на дадените препораки со што ќе обезбеди надминување на утврдените состојби.

2. Доставената забелешка на **точката 4.2.2**, која пред се однесува на дел од дадената препорака за потреба од усогласување на интерните акти за надминување на утврдените состојби во делот на „утврден различен број на бодови за плата а со тоа и различна плата за различни работни звања за кои се предвидени потполни исти услови за работа (ист опис и попис на работните задачи, исти квалификации во поглед на образованието и иста должина на потребното работно искуство), <u>**не се прифаќа**</u>. Упатените забелешки не ја одразуваат реалната состојба при што законскиот застапник треба да превземе активности за спроведување на дадената препорака а пред се за интерниот акт „Опис, попис и услови на работните места број 01-2247/5 од 13.10.2008"во делот на дел III/1-1 Оддел за одржување и заштита на патишта точка 1 Главен и одговорен инжињер за одржување на патиштата и точка 2 Регионални инжињери; дел III/1-2 Оддел за управување со сообраќај и управувачки системи. Точка 1 Главен и одговорен инжињер за управување со сообраќај и управувачки системи, точка 2 Инжињер за анализа на сообраќај и точка 3 Инжињер за управување со сообраќај и знаци и интерниот акт „Прилог 1-Преглед на работни места со утврден број на бодови" .

3. Доставената забелешка на **точката 4.3.1**, која се однесуваат на начинот на извршениот попис, превземените активности по истиот и содржината на извештаите од пописните комисии, <u>**не преставува забелешка**</u>. Законскиот застапник ги наведува причините за утврдената состојба и во исто време ја потврдува утврдената состојба. Изнесената констатација од страна на законскиот застапник дека дел од средствата немаат вредност не ја одразува реалната состојба, бидејќи целокупните средства имаат ревалоризирана набавна вредност и ревалоризирана исправка на вредност а одредени средста имаат иста ревалоризирана набавна и ревалоризирана исправка на вредност со што истите немаат

*Ревизорски тим:*
1. ________
2. ________

*Овластен државен ревизор*
________

сегашна вредност, но овие информации/податоци не се содржани во извештаите за извршениот попис.

4. Доставената забелешка на **точката** 4.3.7. која се однесува на утврдената состојба на користење на ценовник за фактурирање на извршените работи и услуги кој потекнува од 1999 година **не се прифаќа**. Законскиот застапник укажува дека „во овој момент промената на ценовникот за услуги кој го користи Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат" е нецелисходно, бидејќи следи процес на воведување на конкуренција во одржувањето на магистарлните и регионалните патишта, што е во согласност со Законот за јавни патишта и Законот за јавни набавки„. Но во услови кога извршувањето на услугите и работите се доделени на правен субјект, кога е ограничена конкуренцијата и кога се постапува/врши фактурирање по цени од 1999 година на ревизијата и е оневозможена постапката на потврдување на реалноста и објективноста на утврдените цени како и потврдување дека тие преставувааат реален одраз на пазарните услови на стопанисување, а со тоа и реално вреднување на извршените работи и услуги.

Скопје, 09.09.2011 година,

*Ревизорски тим*
1. ___
2. ___

*Овластен државен ревизор*
___